# Важнифакти

## Реката Yarra

Реката Yarra која тече низ Мелбурн има делови кои ја собираат водата кои се простираат од потокот Moonee Ponds на запад, до Kinglake Ranges на север и низводно од Upper Yarra Reservoir на исток. Самата река расте во планински предел околу 40 км на исток од Warburton, и тече во должина од 245 км до Port Phillip Bay.

### Областа каде се собира водата на Yarra

Целокупната површина на областа каде се собира водата на реката Yarra и нејзините притоки се протега на повеќе од околу 4000 км2 со околу 2 милиони луѓе кои живеат на тој дел.




Просечните врнежи на оваа површина се движат од 615 мм кај Burnley во близина на Мелбурн па до 1080 мм кај Upper Yarra Reservoir во близина на Warburton, што допринесува до пораст на водостојот во зима и есен. Иако реката Yarra не спаѓа во големи реки според австралиските мерила, таа е продуктивна река, зашто е четврта по големина во Викторија по просек на вода по хектар.

Горните делови на реката и нејзините поголеми притоки течат низ шумовити и планински предели кои се резервирани за снабдување со вода за последните 100 години.

Горниот тек обезбедува одличен квалитет на вода и услови за опстојување на различни водни животни, вклучувајќи го и тн. Wingless Stonefly во Mt Donna Buang, кој се наоѓа на мала површина во планинските предели во близина на изворот на реката.



© Melbourne Water January 2006

Victoria The Place To Be | Melbourne Water

# Важни факти

Повеќе од една третина од домородните растенија и животни во Викторија се наоѓаат по течениете на реката Yarra помеѓу Warburton и Warrandyte. Затоа реката Yarra е класифицирана како река од посебно значење во Викторија.



Бројни резервоари за снабдување со вода се наоѓаат по течението на реката Yarra, како на пример резервоарите во Upper Yarra, O'Shannassy, Maroondah и Silvan. Направена е студија која треба да ги определи количините на вода потребни за околината. Резултатите од студијата наскоро ќе бидат објавени.

## Квалитетот на водата во реката

Историски, во системот на реката Yarra се вливаат значително загадени отпадни води од индустријата (како од кожари, кланици, пивари и тн.) области без канализација, септички резервоари, станици за пречистување на канализација, депонии за ѓубре и преливни канализации. За последните 30 години квалитетот на водата се подобри. Информации за квалитетот на водата на реката Yarra ќе најдете на интернет страната на Melbourne Water на **melbournewater.com.au/ouryarra**

Како резултат на урбанизацијата и промените во користењето на земјата, состојбата на водата се влошува надолу кон Мелбурн. И покрај тоа, квалитетот на водата на реката Yarra значително се подобри од 1970-тите години наваму, како резултат од усмерување на индустриските води во канализационен систем. Сега, реката е со подобар квалитет на водата од многу реки кои течат низ големите градови во светот.

Коритото на реката значително е променето, особено надолу после Dights Falls, заради подобрување на протекот за време на зголемување на нивото на водата и заради заштита на урбаните населби од поплави. Извршените работи се состоеа од зацврстување и исправање на коритото, како и негово продлабочување и проширување заради зголемување на капацитетот на водата.

Владата на Викторија го објави тн. План за акција за реката Yarra, кој содржи нови иницијативи во вредност од $270 милиони долари заради подобрување состојбата на реката.



© Melbourne Water January 2006

# Важнифакти

Со оваа инвестиција вредноста на работите за подобрување на реката се заокружуваат на $580 милиони, и ќе се состојат од работи изведени од заедницата, организации и поединци во наредните години заради подобрување на квалитетот на водата.

## Секој може да допринесе кон почиста Yarra

Кога врне, отпадоците и другите загадувачи се измиваат од улиците и тротоарите и низ канализацијата завршуваат во потоците и реките.

И вие можете да допринесете реката Yarra да биде здраво живеалиште за домородните растенија и животни ако се придржувате до следните едноставни совети:

1. Внимавајте ѓубрето да не се истура од кантите за ѓубре.
2. Собирајте го изметот од вашите кучиња за да не отиде во канализацијата кога врне.
3. Не дозволувајте остатоците од трева и лисја да одат во канализацијата зашто тие се додатни хранливи материи кои одат во потоците и реките.
4. Не оставајте боја, масла, ѓубрива за растенија или пестициди да одат во канализацијата.

## Историјат на нашата прекрасна река



Реката Yarra претставувала извор на живот за абориџините од племето Wurundjeri кои ја населувале земјата околу Port Phillip Bay во траење од најмалку 30.000 години. На земјата бил нацртан орел со опашка од страна на создавачот на духот на Bunjil. Реката ја нарекувале Birrarrung - "Место на магла и сенки" и таа била пат на соништата кои тие го следеле и живееле на него безбројни години.

Првиот запис за "големата река" од страна на истражувачите е направен во 1803 кога истражувачот од NSW генералот Charles Grimes, испратен од страна на гувернерот King да направи карта на областа на Port Phillip, нагоре по реката се до Dights Falls. Тој ја нарече "Река на свежа вода", а долината ја прогласил за "најпожелното место за населување кое некогаш сум го видел".



© Melbourne Water January 2006

# Важнифакти

Кога првите доселеници го поставија кампот покрај Yarra во 1835 тие ја користеа водата пиење, капење, наводнување и ловење риби. Еднаш во реката уловиле снепа тешка осум килограми, а делфините биле чести посетители.

Повеќе години од населувањето во Мелбурн реката исто така била користена како канализација и за исфрлање на индустриските и домашните отпадоци. Водата брзо се загадила така што се случиле три епидемии на тифус во раните 1840-ти кои одземале околу 20 животи секоја недела. Жителите биле принудени да купуваат вода за пиење.

Кога се изградиле индустрии како капацитети за миење на волна, кланици, штавилници за кожа и за производство на сапун покрај реката на простори без канализација покрај куќите на работниците покрај калливите станови во Collingwood и Richmond, загадувањето на Yarra станало толкаво што миризбата станала неподнослива така да гувернерот се заканувал дека ќе ја испразни Government House.

Стандардите на заедницата и нејзините очекувања значително се променија во последните години, а воведувањето на *Законот за заштита на околината* во 1970 обезбеди значителни подобрувања во квалитетот на водата преку усмерување на индустриските отпадоци во системот на канализација и покрупните отпадоци од надворешните населби на Мелбурн и руралните области.

Неодамна, иницијативите за подобрување на квалитетот на водата вклучија додатни надградби на системот за канализација, подобро раководење со дождовата канализација и партнерство помеѓу фармерите, групите од заедницата и властите кои раководат со водата во низата програми за подобрување на водата во реката Yarra.

Дури и платипусот се враќа и повторно ги воспоставува колониите во делот на системот на реката Yarra од кои некои се забележени кај Kew, само 10 км од центарот на градот.

## Собирање на водата и поплави

Со 24 притоки и површина за собирање на водата од преку 4000 км2, Yarra историски беше позната како река со непредвидливи сезонски движења. Објекти, огради, посеви и животни по фармите беа во опасност да бидат однесени од поплави кои се случуваа скоро секоја година.

Необично е што поплавниот дел е далеку од утоката во морето. Поплавниот дел од околу 40 км кој се протега од Yarra Junction до Yering Gorge, му обезбеди на светски познатиот регион за одглесување на грозје продуктивно земјиште.



© Melbourne Water January 2006

# Важнифакти

Трите поголеми области за складиштување на водата помагаат да се контролираат поплавните нивоа покрај Yarra. Тие се познати како Chandler Storage, помеѓу Fairfield и Eltham, Homestead Road-Henley Road Storage, и Yering Storage кај Yering Flats.

## Повеќе информации

Ако сакате повеќе информации јавете ни се на 131 722 или посетете ја нашата интернет страна на **melbournewater.com.au**



© Melbourne Water January 2006